# II тема: Книжевност

## II.4 Говорништво

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Каков книжевен род е говорништвото и кои биле прочуените говорници?

- Говорништвото е книжевна дејност на пишување прозни текстови за јавно говорење. Текстот што се чита има за цел да ги убеди слушателите во нешто.
- Низ градовите во Хелада многу познати личности се занимавале со говорништво, а меѓу нив најпознати се Солон, Перикле, Демостен, Горгија и Лисија. Во римското општество прочуени се говорите на философот Кикерон.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# АНТИЧКИ ГОВОРНИЦИ



СОЛОН




ПЕРИКЛЕ



ДЕМОСТЕН



КИКЕРОН

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Кој можел да се занимава со говорништвото?




- Со говорништвото се занимавале само мажите, а на жените им била забранета оваа дејност. Секое момче кое ќе наполни 18 години добивало можност да учествува во Собранието како претставник на народот. Меѓутоа, иако претставниците на Собранието имале право да држат говори, секој од нив не бил внимателно слушан. За да се привлече вниманието, треба да се познава вештината на јавно говорење и убедување со говор, да се учи реторика.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Кои три вида на говори се развиле во античкото говорништво?

**1. Политички**, тие се најстари и се одржувале во собрание во некој хеленски град (Атина, Коринт, Теба), во Сенатот во градот Рим или пред војска;

**2. Судски**, се одржувале во судница;

**3. Свечени (пригодни)**, се одржувале на разни јавни настапи и собири.




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Што претставува говорништвото?
- Книжевна дејност на пишување на прозни текстови за јавно говорење.

- Кои биле меѓу прочуените говорници од Хелада?
- Солон, Перикле, Демостен, Горгија и Лисија.

- Кој бил особено истакнат говорник од времето на славниот Рим?
- Кикерон.

- Дали жените се занимавале со говорништвото во време на античка Хелада и Рим?
- Не. Им била забранета оваа дејсност.

- Кој имал право да учествува како говорник во народните собранија?
- Само мажите над 18 години.

- Која наука се учела за да се стане вешт говорник?
- Реториката.

- Кои се трите вида на говори што се практикувале во античкиот свет?
- Политички, судски и свечени.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Ајде да читаме антички говор!

## *Трет говор против Филипа*

## од атинскиот говорник Демостен



Демостен

- Во 357 год. пр.н.е. градот Атина влегува во војна со Античка Македонија, а во тоа време на чело на македонската војска бил Филип Втори Македонски. Филип Втори ги освоил повеќето хеленски градови-држави и ги потчинил под македонска власт. Хеленскиот говорник Демостен бил жесток противник на Филип Втори Македонски и против него напишал говори познати под називот Филипики. Демостен во својот *Трет говор против Филипа* остро ги нападнал неговите планови да стане владетел на цела Хелада и пошироко.
- Демостен овој говор го одржал во атинското Собрание и пред сите претставници Атињани.



Филип II

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Трет говор против Филипа

## од атинскиот говорник Демостен

**Прилагоден превод: Ненад Начковски**

- **Еве еден извадок од неговиот остар говор против Филип:**
- „...И сите неправди, нанесени од Спартанците во текот на оние 30 години и од нашите предци за 70 години, се помалку, мажи Атињани, од она што Филип во текот на цели 13 години, колку што е тој на врвот, им го сторил на Хелените...ни Хелада, ни земјата барбарска не ја задоволува желбата на тој човек за што повеќе...“
- „...А и ова знајте го, мажи Атињани: Што и да трпеле Хелените од Спартанците или од нас Атињани, трпеле од такви што биле род роден од Хелада, а тоа му доаѓа некако исто, како ако некој син прав, а роден во богат дом, нешто не го води домаќинлакот како што треба, па според тоа заслужува укор и приговор, но не може да се рече дека тоа го правел како некој што не е близок и наследник на сето тоа.



Демостен



Филип II

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# *Трет говор против Филипа*

## од атинскиот говорник Демостен

**Прилагоден превод: Ненад Начковски**



Демостен

- Но, ако роб или подметнат син го уништи тоа што не му припаѓа, и го растури, жими Херакле, колку пострашно и позаслужно за гнев би рекле сите дека е. Но, Филип и она што ни го прави на нас Хелените, не само што не е Хелен по род, ниту нешто близок на Хелените, туку е барбарин од земја за која ништо убаво не би можел да кажеш и е чума македонска од каде човек ни роб вреден не би купил.“



Филип II

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND